У-5.бр.185/2020

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите м-р Есма Алибашиќ Јонуз - претседател на совет и судиите Виолета Богојеска и Ељмедине Асани - членови на советот, со записничар Јован Трпевски – раководител на одделение, решавајќи по тужбата на тужителот ХОССАМ ДОО – Скопје, против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-911/8 од 25.12.2019 година, од обласга на јавните набавки, на седницата одржана на 04.06.2020 година донесе

П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот ХОССАМ ДОО – Скопје, против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-911/8 од 25.12.2019 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното решение бр.09-911/8 од 25.12.2019 година, Државната комисија за жалби по јавни набавки ја одбила како неоснована жалбата поднесена од економскиот оператор ХОССАМ ДОО – Скопје изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.02-3/170-5 од 03.12.2019 година, донесена по Огласот за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка бр.10525/2019 за набавка на стоки – остеосинтетски материјал за Лот 39 – биполарна (субтотална) протеза за колк со можност за интероперативна конверзија на цементен во безцементен стем и обратно на договорниот орган ЈЗУ Специјализирана болница за ортопедија и трауматологија „Св. Еразмо“ – Охрид, а со која одлука како најповолна била избрана понудата на КУБИС МЕДИКАЛ ДООЕЛ – Скопје.

Незадоволен од наведеното решение тужителот поведе управен спор со предлог истото да се поништи и предметот врати на повторно постапување и одлучување, поради суштествени повреди на одредбите на постапката и погрешна примена на материјалното право. Во тужбата наведе дека оспореното решение не содржи никаква аргументација и образложение за причините за одбивање на жалбата на сега тужителот. Истакна и дека понудата на тужителот ги исполнувала сите услови и критериуми согласно техничките спецификации и понудениот производ (протеза) бил во согласност со меѓународниот стандард EN, ISO и MDD. Понатаму наведе дека избраниот понудувач понудил производ во кој се комбинираат различни компоненти, што негативно влијае врз здравствената состојба на пациентите на начин што се зголемувал процентот на компликации кај пациентите кај кои се вградувала протеза – вештачки колк. Исто така наведе и дека избраната понуда на КУБИС МЕДИКАЛ ДООЕЛ – Скопје е спротивна на точката 2.9 според која било наведено дека набавката е неделива, додека понудата на избраниот понудувач била понудена како делива т.е. не го содржи она што е предмет на Огласот за јавна набавка за Лот 39, не ја содржи бараната протеза, туку е понуда на делови од бараната протеза за колк од различни производители. Дополни и

дека Изјавата за сериозност на избраниот понудувач не е во согласност со Законот за јавните набавки.

Во одговор на тужбата тужениот орган остана при наводите од оспореното решение, од причина што не нашол пропусти во спроведувањето на конкретната постапка.

Судот постапи согласно членот 13 од Законот за јавни набавки и со Известување У-5.бр.185/2020 од 25.03.2020 година го повика економскиот оператор – КУБИС МЕДИКАЛ ДООЕЛ – Скопје како заинтересирано лице да достави свој одговор на поднесената тужба во рок од 8 дена од денот на приемот, кое иако било уредно примено на 13.05.2020 година, до денот на одржаната седница не достави свој одговор.

Тужбата е неоснована.

Од увидот во списите на предметот, Судот утврди дека договорниот орган ЈЗУ Специјализирана болница за ортопедија и трауматологија „Св. Еразмо" – Охрид спровел постапка за јавна набавка со објавување на Оглас за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка бр.10525/2019 за набавка на стоки – остеосинтетски материјал за Лот 39 – биполарна (субтотална) протеза за колк со можност за интероперативна конверзија на цементен во безцементен стем и обратно, за што претходно била донесена Одлука за јавна набавка бр.02-832/9 од 09.10.2019 година. Набавката била неделива, а постапката била објавена на ЕСЈН и истата се спроведувала со користење на електронски средства преку ЕСЈН и било предвидено да заврши со спроведување на Е – Аукција како последна фаза на постапката, во која како критериум за избор бил критериумот економски најповолна понуда врз основа на цената, а од понудувачите било побарано да достават Изјава за сериозност на понудата и Гаранција за квалитетно извршување на договорот од 5%. Во текот на постапката, имајќи го предвид карактерот и видот на постапката, биле спроведени сите процесни дејства согласно Законот за јавни набавки. До крајниот рок за поднесување на понудите – 21.11.2019 година пристигнале вкупно четири понуди кои биле отворени од страна на Комисијата при договорниот орган, за што бил составен и Записник од отварањето на понудите бр.17-3/170-2 од 21.11.2019 година, па по извршената проверка на комплетноста и валидноста на понудите и Извештајот од спроведена постапка, три понуди биле отфрлени како неприфатливи, така што Комисијата за јавни набавки констатирала дека само еден понудувач доставил прифатлива понуда и дала предлог до одговорното лице на договорниот орган како најповолна понуда да биде избрана понудата на економскиот оператор КУБИС МЕДИКАЛ ДООЕЛ – Скопје (сега тужителот), по што ваквиот предлог бил прифатен и била донесена Одлуката за избор на најповолна понуда бр.02-3/170-5 од 03.12.2019 година.

Незадоволен од оваа одлука, жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки изјавил сега тужителот ХОССАМ ДОО – Скопје, по која било донесено оспореното Решение бр.09-911/8 од 25.12.2019 година со кое била одбиена како неоснована жалбата, со образложение дека неосновани биле жалбените наводи, од причина што било констатирано дека договорниот орган предметната постапка ја спровел согласно Законот за јавните набавки.

Судот наоѓа дека тужениот орган со оспореното решение не го повредил законот на штета на тужителот поради следното:

Согласно членот 2 став 1 точка 10 од Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ“ бр.24/2019), тендерска документација е секој документ изработен од страна на договорниот орган или на кој упатува договорниот орган, а со кој се опишуваат или се утврдуваат елементите на одредена набавка или постапка вклучувајќи го и огласот за јавна набавка, претходното информативно известување или периодичното индикативно известување кое се користи како замена за оглас за јавна набавка, техничките спецификации, описната документација, предложените услови на договорот, обрасците што ги пополнуваат кандидатите или понудувачите, информациите за општо применливите прописи и сета дополнителна документација.

Согласно точката 11 од истиот член, прифатлива понуда е понуда поднесена од понудувачот која ги исполнува условите за утврдување способност, потребите и барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација што е навремена, која нема невообичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги надминува средствата обезбедени или кои може да се дообезбедат од договорниот орган согласно со овој закон.

Согласно членот 105 став 1 од Законот за јавните набавки, понудувачот ја изготвува понудата во согласност со тендерската документација.

Согласно членот 109 став 7 в.в. став 6 од Законот за јавните набавки, евалуацијата на понудите се врши исклучиво во согласност со критериумите наведени во тендерската документација, така што неприфатливите понуди комисијата нема да ги евалуира.

Во конкретниот случај, по наоѓање на Управниот суд тужениот орган правилно ги применил горе цитираните законски одредби кога ја одбил жалбата како неоснована, при тоа одговарајќи на сите суштински жалбени наводи, констатирајќи истовремено дека договорниот орган конкретната постапка за избор на најповолна понуда ја спровел согласно одредбите од Законот за јавните набавки.

Имено од извршениот увид во списите кон предметот, како и согласно цитираните законски одредби, Судот утврди дека договорниот орган го оформил предметот на набавката како неделив, но составен од повеќе ставки во рамките на еден дел каде било можно да се учествува со понуда од различни производители, со тоа не ограничувајќи ја конкуренцијата на еден економски оператор, согласно членот 78 став 6 од Законот за јавните набавки, поради што смета дека понудата на избраниот понудувач е во согласност со пропишаните услови и критериуми во Тендерската документација и техничките спецификации како нејзин дел.

Судот ги ценеше тужбените наводите на тужителот, но истите ги одби како неосновани, од причини наведени во образложението на одлуката.

При ваква фактичка и правна состојба на работите, Судот имајќи ги предвид горе цитираните законски одредби, констатира дека оспореното решение е законито.

Со оглед на горе изнесеното, Судот утврди дека тужбата на тужителот е неоснована и одлучи согласно член 39-а став 1 од Законот за управни спорови.

Пресудено во Управниот суд на 04.06.2020 година под У-5.бр.185/2020

Записничар – раководител на одделение
Јован Трпевски

Претседател на советот –Судија
м-р Есма Алибашиќ Јонуз

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена по приемот, преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа на примач Буџет Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359, Приходна шифра: 72-22-13, Програма: 00, Начин: 2, односно судски такси од правни лица, банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-1, Програма: 00, Начин: 2.

Пресудата да се достави на :
: – тужител / и
-- тужен орган

Претседател на советот–Судија
м-р Есма Алибашиќ Јонуз

НК/

Согласноста на преписот со изворникот го потврдува Судски службеник